# РОДОВОТО ОДГОВОРНО БУЏЕТИРАЊЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА: ЗАКОНСКА И ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА, СОСТОЈБА И ИДНИ ПРЕДИЗВИЦИ

**-кратка информација-**

*Скопје, февруари 2021*

Предмет на оваа кратка информација е родовото одговорно буџетирање во Република Северна Македонија, а таа дава осврт на законската и институционалната поставеност, како и на тековната состојба и идните предизвици во оваа област.

Кратката информација е изработена по сопствена иницијатива согласно Правилникот за вршење на надлежностите на Парламентарниот институт во Собранието на Република Северна Македонија.

## ШТО Е РОДОВО ОДГОВОРНО БУЏЕТИРАЊЕ И КОЈА Е ПОТРЕБАТА?

Родовото одговорно буџетирање (РОБ) претставува вклучување на родовите перспективи во буџетскиот процес. Истото подразбира **родово базирана проценка на буџетите, вклучување на родовите перспективи на сите нивоа во буџетскиот процес и прераспределба на приходите и расходите со цел унапредување на родовата еднаквост**.[1]

Жените не учествуваат подеднакво со мажите во економијата. Едно истражување за разликите во платите помеѓу мажите и жените покажало дека жените во Република Северна Македонија се за околу 18% помалку платени од мажите за иста работа и исти квалификации, односно жените треба да работат 65 дена годишно повеќе за да добијат еднаква плата. Тие се помалку застапени на пазарот на трудот (со околу 25%) и условите при вработување се понеповолни во споредба со мажите.[2]

За еднаквите можности на жените и мажите клучна е и еднаквоста на платите, но и креирањето на родово одговорни буџети.

## ЗАКОНСКА И ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Родовото одговорно буџетирање не е уставна категорија во нашата држава, но **според Уставот, граѓаните се еднакви во слободите и правата независно**

[1] What is gender budgeting? https://eige.europa.eu/gender-mainstreaming/toolkits/gender-budgeting/what-is-gender-budgeting (пристапено на 25.2.2021)

[2] Sonja Avlijaš et al., Gender Pay Gap in the Western Balkan Countries: Evidence From Serbia, Montenegro and Macedonia (Belgrade, Foundation for the Advancement of Economics, 2013), p.11–13 https://www.researchgate.net/publication/273629312_Gender_Pay_Gap_in_the_Western_Balkan_Countries_Evidence_From_Serbia_Montenegro_and_Macedonia (пристапено на 25.2.2021)

**од полот**.[3] Во некои европски држави, освен принципот на еднаквост, исто така, и родовото буџетирање е дел од уставните одредби (на пр.: Австрија).[4]

Родовото буџетирање сѐ уште не е дел од **Законот за буџетите**, односно постојниот Закон[5] не содржи одредби кои се однесуваат на тоа. Оттука, се поставува прашањето дали се потребни соодветни измени и дополнувања или ново законско решение соодветно на заложбите за родово одговорно буџетирање? Споредено со соседството, во Србија, родовото буџетирање е дел од Законот за буџетски систем со усвојување на измените во 2015 година, со што се подразбира постепена реформа што треба да се спроведе целосно до фискалната 2024 година.[6]

Понатаму, согласно **Законот за еднакви можности на жените и мажите**[7], **органите на државната управа и единиците на локалната самоуправа се должни во рамките на своите стратешки планови и буџети да го инкорпорираат принципот на еднакви можности на жените и мажите**, да ги следат ефектите и влијанието на нивните програми врз жените и мажите и да известуваат во рамките на своите годишни извештаи и да учествуваат во подготвувањето на стратегијата за родова еднаквост во делот кој се однесува на единиците на локалната самоуправа.[8]

Од страна на **Министерството за финансии**, како најважна институција при процесот на подготовка и извршување на државниот буџет, направени се **измени на буџетските инструкции (буџетскиот циркулар за буџетски корисници на централно ниво)** во 2015 година. Со истите се бара вклучување на родовата перспектива во процесот на планирање политики и буџетирање и истите се однесуваат на сите буџетски корисници на централно ниво. Овие измени на буџетскиот циркулар овозможуваат буџетските корисници на централно ниво, да подготвуваат родово буџетски иницијативи за нивните буџетски програми, преку чија реализација директно би се влијаело врз жените и мажите и воедно би се придонело кон имплементација на Законот за еднакви можности на жените и мажите.

**Државниот буџет како најважна и најмоќна алатка на Владата за спроведување на владините политики, не е родово неутрален, односно буџетските политики може да имаат значајни разлики во однос на влијанието врз мажите и жените и различните групи мажи и жени.**

[3] Член 9 од Уставот.
[4] Устав на Република Австрија, член 7, член 13 став (3) и член 51 став (8), https://www.ris.bka.gv.at/Dokumente/Erv/ERV_1930_1/ERV_1930_1.pdf (пристапено на 25.2.2021)
[5] Закон за буџетите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16)
[6] ZAKON O BUDŽETSKOM SISTEMU ("Sl. glasnik RS", br. 54/2009, 73/2010, 101/2010, 101/2011, 93/2012, 62/2013, 63/2013 - ispr., 108/2013, 142/2014, 68/2015 - dr. zakon, 103/2015, 99/2016, 113/2017, 95/2018, 31/2019, 72/2019 i 149/2020) https://www.paragraf.rs/propisi/zakon_o_budzetskom_sistemu.html (пристапено на 25.2.2021)
[7] Закон за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 6/12, 30/13, 166/14 и 150/15)
[8] Член 11 став (3) и член 14 став (2).

Согласно досегашната пракса, предлогот на Републичкиот буџет кој се доставува до Собранието од страна на извршната Власт, не содржи пропратни документи како што се родовите буџетски изјави. Без увид во ваквите документи не може да се анализира степенот на родово одговорно буџетирање, односно да се направи родова анализа на буџетските програми и потпрограми и оттаму да се оцени родовата димензија на предлог-буџетот за соодветната фискална година.

Во графиконот 1. накратко е прикажан еден буџетски циклус, согласно роковите во Законот за буџетите, со цел појасно согледување на сите нивоа на буџетскиот процес каде би требало да има вклучување на родовите перспективи, односно спроведување родово одговорно буџетирање, започнувајќи од првите чекори за подготовка на предлог-буџетот од страна на Министерството за финансии, до неговото доставување, расправа и усвојување во Собранието.

*Графикон 1. Буџетски циклус, согласно роковите во Законот за буџетите*



Согласно јавно достапните податоци, за Републичкиот буџет за фискалната 2018 година, родово буџетирале седум министерства (Министерство за финансии, Министерство за надворешни работи, Министерство за економија, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство за образование и наука, Министерство за одбрана и Министерство за животна средина и просторно планирање) и една агенција (Агенција за млади и спорт). Овие институции подготвиле родово буџетски иницијативи со родова анализа на по една буџетска програма.[9]

Носител на други позначајни документи во областа на РОБ е **Министерството за труд и социјална политика:**

- Стратегија за родово одговорно буџетирање 2012- 2017[10];
- Стратегија за родова еднаквост 2013- 2020[11];
- Методологија за родово одговорно буџетирање за органите на државната управа на централно ниво[12];
- Прирачник за родово одговорно буџетирање за администрацијата[13].

## ИДНИ ПРЕДИЗВИЦИ

Родовото буџетирање како пристап бара целосно воведување на родовата перспектива во главните текови на владиното планирање, буџетирање и мониторинг на буџетските трошења, како и вклучување во макроекономските политики кои ги обликуваат овие процеси. За успешно исполнување на заложбите за родова рамноправност, преку родовото одговорно буџетирање, потребно е активно учество од страна на сите релевантни институции - Владата и ресорните министерства, Парламентот, локалните самоуправи и градските совети, државниот ревизор, граѓанското општество и академската заедница.

Изработила: Марија Мицевска Лазарова

Одобрила: Ева Јованова

Согласна: Фани Коровешовска

Раководител на Парламентарниот институт,

_____________________

м-р Златко Атанасов

[9] Родово одговорни буџетски изјави 2018 година https://finance.gov.mk/wp-content/uploads/2018/05/RBI_2018.pdf (пристапено на 25.2.2021)

[10] Стратегија за родово одговорно буџетирање 2012 – 2017 https://mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/strategija_budxet_mkd.pdf (пристапено на 25.2.2021)

[11] Стратегија за родова еднаквост 2013-2020 http://mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/strategija_rodova_april.doc (пристапено на 25.2.2021)

[12] Методологија за родово одговорно буџетирање за органите на државната управа на централно ниво https://www.mtsp.gov.mk/content/word/metodologija.doc (пристапено на 25.2.2021)

[13] Прирачник за родово одговорно буџетирање за администрацијата https://www.mtsp.gov.mk/rodovo-odgovorno-budzetiranje.nspx (пристапено на 25.2.2021)

# ЛИСТА НА ИЗВОРИ

1. What is gender budgeting? https://eige.europa.eu/gender-mainstreaming/toolkits/gender-budgeting/what-is-gender-budgeting
2. Устав на Република Австрија https://www.ris.bka.gv.at/Dokumente/Erv/ERV_1930_1/ERV_1930_1.pdf
3. Закон за буџетите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16)
4. ZAKON O BUDŽETSKOM SISTEMU ("Sl. glasnik RS", br. 54/2009, 73/2010, 101/2010, 101/2011, 93/2012, 62/2013, 63/2013 , 108/2013, 142/2014, 68/2015, 103/2015, 99/2016, 113/2017, 95/2018, 31/2019, 72/2019 i 149/2020) https://www.paragraf.rs/propisi/zakon_o_budzetskom_sistemu.html
5. Закон за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 6/12, 30/13, 166/14 и 150/15)
6. Стратегија за родово одговорно буџетирање 2012 – 2017 https://mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/strategija_budxet_mkd.pdf
7. Стратегија за родова еднаквост 2013-2020 http://mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/strategija_rodova_april.doc
8. Методологија за родово одговорно буџетирање за органите на државната управа на централно ниво https://www.mtsp.gov.mk/content/word/metodologija.doc
9. Прирачник за родово одговорно буџетирање за администрацијата https://www.mtsp.gov.mk/rodovo-odgovorno-budzetiranje.nspx
10. Sonja Avlijaš et al., Gender Pay Gap in the Western Balkan Countries: Evidence From Serbia, Montenegro and Macedonia (Belgrade, Foundation for the Advancement of Economics, 2013) https://www.researchgate.net/publication/273629312_Gender_Pay_Gap_in_the_Western_Balkan_Countries_Evidence_From_Serbia_Montenegro_and_Macedonia

Родово одговорни буџетски изјави 2018 година https://finance.gov.mk/wp-content/uploads/2018/05/RBI_2018.pdf


Насоки
за користење на истражувачките услуги
на Парламентарен институт
Кој ги користи услугите?
-пратениците
-работните тела
-советите
-пратеничките групи
-генералниот секретар
Зошто?
за обезбедување објективни и непристрасни информации заради:
-подобро аргументирање на ставовите;
- подобро запознавање со предлог-законите и другите акти;
-кристализирање на идејата за поднесување предлог-закон;
-учество на јавни настапи, комуникација со граѓани и дипломатски посети
Како?
со поднесување барање за истражувачки работи:
-во писмена форма (на пропишаниот образец, потпишан лично од корисникот)
-во електронска форма (преку системот на е-парламент)
Кому му се поднесува барањето?
на раководителот на Парламентарен институт
(за дополнителни појаснувања во однос на темата и рокот, истражувачот и раководителите се консултираат со корисникот при добивањето на барањето и во текот на изработката на истражувачката работа)
Какви услуги и препорачан минимален рок?
минимум работни дена:
-кратка информација 3
-хронолошки преглед 5
-тематски преглед 5
-компаративен преглед 7
-опширна информација 10
Што содржат истражувачките работи?
истражувачките работи се од информативна природа, политички неутрални и објективни, се фокусираат на факти и не содржат препораки, ниту сугерираат решенија
Што не може да биде побарано?
-правни совети и помош за индивидуални случаи;
-изработка на нацрт-закони или амандмани;
-информации од надлежност на други сектори во Собранието
parl.inst@sobranie.mk
070/409-544
070/352-474
070/320-349
070/320-348
071/305-384